# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
## на
## Општина Ранковце


| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник наОпштина Ранковце<br>Издавач:Општина Ранковце<br>излегува по потреба | Година XXIV број 12<br>30 Октомври 2023 година<br>Ранковце | Гласникот е бесплатен |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за набавка на движна ствар - патничко моторно возило за потребите на Општина Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за набавка на движна ствар - патничко моторно возило за потребите на Општина Ранковце, донесена на 30-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.10.2023 година.

2.Одлуката за набавка на движна ствар - патничко моторно возило за потребите на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1071/1**
**30.10.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија“ бр. 05/02), и член 23 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 30-та седница одржана на ден 26.10.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за набавка на движна ствар - патничко моторно возило за потребите на Општина Ранковце**

член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Ранковце дава согласност за набавка на движна ствар - патничко моторно возило за потребите на Општина Ранковце

член 2

Средствата за набавка на движна ствар - патничко моторно возило за потребите на Општина Ранковце во износ од 1.600.000,00 денари се обезбедени во Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година, во програмата ЕА - Капитални трошоци на општината, ставка

486 - купување на машини и опрема, подставка 486110-купување на моторни возила („Службен гласник на општина Ранковце“ бр. 14/22, 8/23 и 11/23).

член 3

Набавката на на движна ствар - патничко моторно возило за потребите на Општина Ранковце да се изврши согласно Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/19 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 87/21).

член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-1022/4**
**26.10.2023 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за набавка на движни ствари -метални контејнери**

1.Се прогласува Одлуката за набавка на движни ствари -метални контејнери, донесена на 30-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.10.2023 година.

2.Одлуката за набавка на движни ствари -метални контејнери, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1071/2**
**30.10.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија“ бр. 05/02), и член 23 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10,

3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 30-та седница одржана на ден 26.10.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за набавка на движни ствари -метални контејнери**

член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Ранковце одобрува набавка на движни ствари - метални контејнери за потребите на јавното комунално претпријатие основано од Советот на Општина Ранковце и тоа:

-100 метални контејнери (1,1м3).

член 2

Средствата за набавка на движните ствари од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година, во програмата ЕА - Капитални трошоци на општината, ставка 480, подставка 480190 ( „Службен гласник на општина Ранковце“ бр. 14/22, 8/23 и 11/23).

член 3

Набавката на движните ствари - метални контејнери да се изврши согласно Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/19 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 87/21).

член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09- 1022/5**
**26.10.2023 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко- планска документација за село Ранковце**
**за к.п.бр.3124 КО Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко- планска документација за село Ранковце за к.п.бр.3124 КО Ранковце, донесена на 30-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.10.2023 година.

2.Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко- планска документација за село Ранковце за к.п.бр.3124 КО Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1071/3** **Општина Ранковце**
**30.10.2023 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („ Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16и 190/17), член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РСМ“ бр. 174/2021), член 2, став 2 одПравилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05,04/10, 3/11, 11/15 и 4/19), Советот на Општината Ранковце на седницата одржана наден 26.10.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце за к.п.бр.3124, КО Ранковце**

Член 1
Се утврдува потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковце.

Член 2
Локалитетот за кој се врши утврдување потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Ранковцесе наоѓа нак.п.бр. 3124, К.О. Ранковце, м.в. „Корија“сопственост наРепублика Северна Македонија.

Член 3
За овој локалитет нема урбанистички планови, ниту локална урбанистичкапланска документација.

Член 4

Со изработка на урбанистичката- планска документација на овој локалитет ќе сепредвиди намена домување во станбени куќи – А1-1.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службенгласник на Општина Ранковце“.

**Бр. 09-1022/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**26.10.2023 година** **Претседател,**
**Ранковце** **Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Гиновци за к.п.бр.1457 и к.п.бр.1458/2, КО Гиновци**

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Гиновци за к.п.бр.1457 и к.п.бр.1458/2, КО Гиновци, донесена на 30-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.10.2023 година.

2.Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Гиновци за к.п.бр.1457 и к.п.бр.1458/2, КО Гиновци, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1071/4** **Општина Ранковце**
**30.10.2023 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („ Службен весник на РМ“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14,

124/15, 129/15, 217/15, 31/16и 190/17), член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РСМ“ бр. 174/2021), член 2, став 2 одПравилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („ Службен весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05,04/10, 3/11, 11/15 и 4/19), Советот на Општината Ранковце на седницата одржана наден 26.10.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Гиновци за к.п.бр.1457 и к.п.бр.1458/2, КО Гиновци**

Член 1

Се утврдува потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Гиновци.

Член 2

Локалитетот за кој се врши утврдување потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Гиновцисе наоѓа на к.п.бр. 1457 и к.п.бр.1458/2, КО Гиновци, м.в. „Бунар“сопственост на Здравча Петковски.

Член 3

За овој локалитет нема урбанистички планови, ниту локална урбанистичкапланска документација.

Член 4

Со изработка на урбанистичката- планска документација на овој локалитет ќе сепредвиди намена домувањево станбена куќа – А1.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службенгласник на Општина Ранковце“.

**Бр. 09-1022/7**
**26.10.2023 година**
**Ранковце**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**Претседател,**
**Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2024 година**

1.Се прогласува Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2024 година, донесена на 30-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.10.2023 година.

2.Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1071/5**
**30.10.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на Законот за градежно земјиште („Сл. Весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19) и Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти од комуналната инфраструктура и начинот на уредувањето на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија“ бр.193/2016) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце, Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 26.10.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2024 година**

Програмата за зимското одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во текот на зимската сезона 2023-2024 година ќе биде прилагодена на климатските и релјефните услови кои што владејат во Општина Ранковце. Општината Ранковце претставува алувијална рамнина ограничена од север и југ со ридско планински масив. Населените места се од разбиен тип, со умерена континентална клима и со недоволно развиена патна мрежа. Годишната програма ќе ги опфати следните сегменти:

- Организациона поставеност и обврски на овластениот субјект за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта и на другите учесници поврзани со извршување на работите околу отстранување на снегот и ледот, односно голомразицата.
- Обем, динамика и функционирање на овластената зимска служба за отстранување на снегот и ледот.

- Сообраќајници со приоритет на отстранување на снегот и голомразицата, како и за посипување и ставање на соодветен абразивен материјал и список на критични точки и витални објекти.
- Број и вид на механички средства, нивна намена, начин и распоред на користење.
- Број и распоред на лица кои учествуваат во извршувањето на работите врзани со отстранувањето на снегот и ледот.
- Обврска, услуги и средства на други учесници кои се вклучени во случај на потреба.
- Места определени за депонирање на собраниот снег и лед.
- Потребни финансиски средства за спроведување на Програмата.

ОТГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Одржувањето на улиците, тротоарите и локалните патишта во зимскиот период т.е. нивно расчистување од снег и лед и посипување на истите со абразивен материјал го врши Одделението за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина, Лер и јавни дејности.
Општината распишува Оглас (тендер) за прибирање на понуди за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта.

ОБЕМ И ДИНАМИКА

Обемот и динамиката на одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во зимски услови се опфатени во Договорот. Потреба од зимско одржување во Општина Ранковце ќе има 72 ефективни работни часови за траење на зимската сезона.

УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ВО ОПШТИНА РАНКОВЦЕ ЗА КОИ Е ПОТРЕБНО ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ

| Р.б. | Населено место | Патен правец | Должина во м |
|---|---|---|---|
| 1 | Псача | А2-маала Чивлк | 850 м |
| 2 | Псача | А2-Црква Свети Никола | 2 400 м |
| 3 | Псача | Псача-Одрено-Опила-А2 | 6 800 м |
| 4 | Псача | Školo-Ѓоринска маала | 800 м |
| 5 | Псача | Потрчин дол-Псачко поле | 1 000 м |
| 6 | Псача | Ново Школо – Дамјанска маала | 1 000 м |
| 7 | Петралица | А2-Црква Свети Ѓорѓија | 5 800 м |
| 8 | Петралица | Трафостаница-Потрчин дол | 360 м |
| 9 | Петрал-Одрено | С. Петралица-с. Одрено | 900 м |
| 10 | Гиновци | А2-Милутинце | 3 600 м |
| 11 | Гиновци | А2-Мива градба | 360 м |
| 12 | Гиновци | А2-железничка пруга | 480 м |
| 13 | Ранковце | Ранковце-Отошница | 5 500 м |
| 14 | Ранковце | А2-Кокинци | 1 500 м |
| 15 | Ранковце | Десетак-Пузина маала | 1 300 м |
| 16 | Ранковце | Полициска станица-Крајчина маала | 800 м |
| 17 | Ранковце | Улици над Амбуланта | 870 м |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18 | Ранковце | Погон Карпош-Крајчина маала | 860 м |
| 19 | Ранковце | Десетак-Крајчина маала-Млин | 1000 м |
| 20 | Ветуница | А2-с. Ветуница-Стојкова маала | 2 100 м |
| 21 | Опила | Бабунци-Котаринци-Ѓоргова маала | 2 500 м |
| 22 | Радибуш | Сат-Црква Света Петка-Сугаревци-Којкарци | 2 700 м |

БРОЈ И ВИД НА МЕХАНИЧКИ СРЕДСТВА

Според должината на локалната патна мрежа зимското одржување на истите ќе биде извршено со едно возило опремено со нож за чистење на снегот и ледот и соларка за посипување на абразивен материјал. Возилото може да биде од различна марка. Во случај на пообилни врнежи ќе се ангажира и долопнителна механизација.

БРОЈ И РАСПОРЕД НА ЛИЦА

Како придружба на трактор или скип ќе биде ангажирано едно лице, а по потреба и уште едно лице во случај кога имаме невреме и многу ниски температури. Дополнителни лица ќе бидат вклучени ако за тоа има потреба и тоа за отстранување на снегот, ледот од тротоарите и улиците и утовар на истиот во камион или трактор и транспорт до депонија или друго место за депонирање кое накнадно ќе биде определено.
Чистењето на тротоарите пред влезовите на индивидуалните станбени згради и влезовите на колективните станбени згради се должност на станарите од тие објекти.
Чистењето на тротоарите пред влезовите на деловните објекти и работни организации се обврска и должност на сопственициге на тие објекти.
Абразивните материјали за посипување ќе бидат набавувани и складирани во соработка со избраниот понудувач.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Потребни финансиски средства за реализација на Програмата за зимското одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце во висина од 300.000,00 денари ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Ранковце.

Приходи:
1. Средства од буџетот на Општината ................................................ 300.000,00 денари

Расходи:
1. Ангажирање на возило со нож .............. 72 часа x 3.500,00= 252.000,00 денари
2. Набавка на абразивен материјал
(сол и ризла) ...................................................... 20 тони x 2.400,00=48.000,00 денари

**Вкупно:= 300.000,00 денари**

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-1022/8**
**26.10.2023 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година, за трет квартал**

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година, за трет квартал, донесен на 30-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.10.2023 година.

2.Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година, за трет квартал, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1071/6**
**30.10.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15), член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 30-та седница одржана на ден 26. 10. 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година, за трет квартал**

1. СЕ УСВОЈУВААТ Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал, 2023година.

2. Составен дел на овој Заклучок се Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за трет квартал, 2023 година.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-1022/9** — **Совет на Општина Ранковце**
**26.10. 2023 година** — **Претседател**
**Ранковце** — **Александра Стамболиска Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за определување на локација за депонирање на градежен отпад (ископана земја, камења, шут, песок, остатоци од бетон, остатоци од цигли, остатоци од плочки, керамика и друг сличен материјал) во Општина Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за определување на локација за депонирање на градежен отпад (ископана земја, камења, шут, песок, остатоци од бетон, остатоци од цигли, остатоци од плочки, керамика и друг сличен материјал) во Општина Ранковце, донесена на 30-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.10.2023 година.

2.Одлуката за определување на локација за депонирање на градежен отпад (ископана земја, камења, шут, песок, остатоци од бетон, остатоци од цигли, остатоци од плочки, керамика и друг сличен материјал) во Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1071/7** — **Општина Ранковце**
**30.10.2023 година** — **Градоначалник**
**Ранковце** — **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1,точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 12 став 2 од Законот за комунални дејности („Службен весник на Република Македонија “ бр. 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18), член 342 од Одлука за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.11/2018) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на седницата одржана на ден 26.10.2023година донесе

**О Д Л У К А**

**За определување на локација за депонирање на градежен отпад (ископана земја, камења, шут, песок, остатоци од бетон, остатоци од цигли, остатоци од плочки, керамика и друг сличен материјал) во Општина Ранковце**

Член 1

Со оваа Одлука се определува локација за депонирање на градежен отпад (ископана земја, камења, шут, песок, остатоци од бетон, остатоци од цигли, остатоци од плочки, керамика и друг сличен материјал) во Општина Ранковце.

Член 2

За депонирање на градежен отпад (ископана земја, камења, шут, песок, остатоци од бетон, остатоци од цигли, остатоци од плочки, керамика и друг сличен материјал) во Општина Ранковцесе се определува локација на:

- к.п. бр.3394, место викано „ Чомбардино“, катастарска култура -пасиште, запишана во имотен лист број 1247, КО Ранковцесопственост на Република Северна Македонија.

Член 3

За депонирање на градежен отпад (ископана земја, камења, шут, песок, остатоци од бетон, остатоци од цигли, остатоци од плочки, керамика и друг сличен материјал) во Општина Ранковце на определената локација не се плаќа надоместок.

Член 4

За депонирање на градежен отпад од страна на правни лица, правата и обврските ќе бидат уредени со Договор склучен помеѓу правното лице и градоначалникот на Општина Ранковце по поднесено барање од страна на правното лице.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-1022/10** **Совет на Општина Ранковце**
**26.10.2023 година** **Претседател,**
**Ранковце** **Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка**

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка, донесена на 30-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.10.2023 година.

2.Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1071/8**
**30.10.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09), член 14 и 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на општина Ранковце („Службен Гласник на општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 30-та седница одржана на ден 26.10.2023 донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка**

Член 1

Советот на Општина Ранковце го утврди Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка поднесен од Градоначалникот на Општина Ранковце број 08-1050/2 од 24.10.2023 година, помеѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка..

Член 2

Утврдениот предлог од член 1 на оваа одлука со процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка се доставува до Општина Крива Паланка заради прифаќање на предлогот.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце “.

**Бр.09-1022/11** **Совет на Општина Ранковце**
**26.10.2023 година** **Претседател**
**Ранковце** **Александра Стамболиска Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Ранковце, донесена на 30-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.10.2023 година.

2.Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1071/9** **Општина Ранковце**
**30.10.2023 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 39,40, 41 и 42 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија’’ бр.82/08, 12/09,52/11,150/15,190/19), Советот на Општина Ранковце на 30-та седницата одржана на ден 26.10.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Ранковце**

Член 1

Со цел унапредување на правата на пациентите општината формира постојана Комисија за унапредување на правата на пациентите.

Член 2

Комисијата се состои од единаесет членови.

За членови на Комисијата за унапредување на правата на пациентите се именуваат:

- Александра Стамболиска Јовановска
- Марина Симоновска
- Анета Цветковска
- Томче Додевски
- Сашка Николовска
- Далибор Митковски
- Светлана Лазаревска
- Андријана Савовска
- Мариа Дуда Дибиаггио
- Драгана Смилевска
- Христина Јакимовска Петковска

Член 3

Комисијата за унапредување на правата на пациентите ги врши следниве работи:

1) унапредување на правата на пациентите и нивна заштита;
2) унапредување на правата на пациентите кои се лица со попреченост и жртви на насилство;
3) ја цени и проценува состојбата со заштита на правата на пациентите;
4) предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;
5) соработува со надлежните органи;
6) разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежни органи;
7) бара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата;
8) води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите;
9) подготвува и поднесува годишен извештај за заштита на правата на пациентите пред советот на општината;
10) издава информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите;
11) врши и други работи пропишани со закон.

Комисијата донесува деловник за својата работа со кој поблиску се уредува начинот на работа.

Член 4

Мандатот на членовите на Комисијата изнесува две години, со право на уште еден последователен избор.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а истата ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Ранковце’’.

**Бр.09- 1022/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**
**26.10.2023** **Претседател**
**Ранковце** **Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за одбивање на барање за доделување на финансиски средства**

1.Се прогласува Одлуката за одбивање на барање за доделување на финансиски средства, донесена на 30-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.10.2023 година.

2.Одлуката за одбивање на барање за доделување на финансиски средства, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1071/10** **Општина Ранковце**
**30.10.2023 година** **Градоначалник**
**Ранковце** **Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија“ бр. 05/02), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а постапувајќи по Барањето поднесено од Драги Милошевски од

село Гиновци, Општина Ранковце, заведено во Архивата на Општина Ранковце под број 09-580/1 од 30.05.2023 година, Советот на Општина Ранковце на 30-та седница одржана на ден 26.10.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одбивање на барање за доделување на финансиски средства**

**Член 1**

Се одбива барањето за доделување на финансиски средства на Драги Милошевски од село Гиновци, Општина Ранковце, поради некомплетност на барањето.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-1022/13**
**26.10.2023 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства**

1.Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства, донесена на 30-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 26.10.2023 година.

2.Одлуката за одобрување на финансиски средства, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1071/11**
**30.10.2023 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Борче Спасовски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија“ бр. 05/02), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а постапувајќи по Барањето поднесено од Роберт Младеновски од село Ранковце, општина Ранковце, заведено во Архивата на Општина Ранковце под број 09-902/1 од 14.09.2023 година, Советот на Општина Ранковце на 30-та седница одржана на ден 26.10.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на финансиски средства**

**Член 1**

Се одобрува исплата на финансиски средства во износ на 20.000,00 (дваесет илјади денари) на Роберт Младеновски од село Ранковце, Општина Ранковце, роден 25.07.1986 година со број на лична карта А1918875 издадена од МВР-Крива Паланка, како финансиска помош за лекување.

**Член 2**

Финансиските средства од член еден на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на општина Ранковце, од програмата ЕО-Општинска администрација, ставка 471 Социјални надоместоци, потставка 471110 Социјална парична помош на трансакциска сметка на Роберт Младеновски од село Ранковце, Општина Ранковце.

**Член 3**

Се задолжува градоначалникот на Општина Ранковце да ја спроведе оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-1022/14**
**26.10.2023 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Александра Стамболиска - Јовановска,с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А


1. **Заклучок за прогласување на Одлуката за набавка на движна ствар - патничко моторно возило за потребите на Општина Ранковце**
2. **Одлука за набавка на движна ствар - патничко моторно возило за потребите на Општина Ранковце**
3. **Заклучок за прогласување на Одлуката за набавка на движни ствари - метални контејнери**
4. **Одлука за набавка на движни ствари -метални контејнери**
5. **Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко- планска документација за село Ранковце за к.п.бр.3124 КО Ранковце**
6. **Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко- планска документација за село Ранковце за к.п.бр.3124 КО Ранковце**
7. **Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Гиновци за к.п.бр.1457 и к.п.бр.1458/2, КО Гиновци**
8. **Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко-планска документација за село Гиновци за к.п.бр.1457 и к.п.бр.1458/2, КО Гиновци**
9. **Заклучок за прогласување на Програмата за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2024 година**
10. **Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во Општина Ранковце за 2024 година**
11. **Заклучок за прогласување на Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година, за трет квартал**
12. **Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за извршување на Буџетот на Општина Ранковце за 2023 година, за трет квартал**
13. **Заклучок за прогласување на Одлуката за определување на локација за депонирање на градежен отпад (ископана земја, камења, шут, песок, остатоци од бетон, остатоци од цигли, остатоци од плочки, керамика и друг сличен материјал) во Општина Ранковце**
14. **Одлука за определување на локација за депонирање на градежен отпад (ископана земја, камења, шут, песок, остатоци од бетон, остатоци од цигли, остатоци од плочки, керамика и друг сличен материјал) во Општина Ранковце**
15. **Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка**
16. **Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Ранковце и Општина Крива Паланка**
17. **Заклучок за прогласување на Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Ранковце**
18. **Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Ранковце**
19. **Заклучок за прогласување на Одлуката за одбивање на барање за доделување**

**на финансиски средства**
20. **Одлука за одбивање на барање за доделување на финансиски средства**
21. **Заклучок за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства**
22. **Одлука за одобрување на финансиски средства**

/